# Годишен извештај за работата на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија за 2015 година

**Февруари 2016 година**
**Скопје**

**Содржина**


1. Основање ........ 1
2. Мисија ........ 1
3. Визија ........ 2
4. Работа на Советот ........ 2
5. Изработка и донесување акти поврзани со активностите на Советот ........ 3
6. Лиценцирање ........ 4
7. Соработка со Институтот на овластени ревизори на Република Македонија ........ 5
8. Извештаи за транспарентност ........ 5
9. Домашна и меѓународна активност на Советот ........ 6
    - 9.1 Соработка со домашни органи, тела и институции ........ 6
    - 9.2 Соработка со странски регулаторни органи, тела и институции од областа на ревизијата ........ 7
    - 9.3 Учество на домашни конференции, форуми и континуирано професионално усовршување ........ 7
    - 9.4 Учество на меѓународни конференции ........ 7
    - 9.5 Работни средби во Советот од страна на странски консултанти, органи, тела и институции ........ 8
    - 9.6 Останати иницијативи на Советот на меѓународен план ........ 8
10. Кадар и внатрешни капацитети на Советот ........ 9

Врз основа на член 8 став (1) точка 1) од Законот за ревизија на Република Македонија ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 15/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15 и 192/15), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија на седницата одржана на 09.02.2016 година донесе:

# Годишен извештај за работата на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија за 2015 година

## 1. Основање

Заради унапредување и надзор на вршењето на ревизијата, Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за финансии, основаше Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија (во понатамошниот текст: Советот), како самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања утврдени во Законот за ревизија на РМ ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 15/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15 и 192/15).

Советот го сочинуваат седум члена. Во 2015 година Советот функционираше во следниов состав:

- Соња Ѓелова – Стојанова – Претседател;
- м-р Фросина Целеска – Член, претставник од Народната банка на Република Македонија;
- Наташа Стојкова – Член, претставник од Агенцијата за супервизија на осигурувањето;
- м-р Славица Илиевска – Член, претставник од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија;
- проф. Д-р Зорица Божиновска Лазаревска – Член, претставник од Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (во понатамошниот текст: Институтот);
- Драган Давитков – Член, претставник од Институтот (до 21.10.2015 година, по 21.10.2015 година Советот работи без овој член); и
- Претставник од големите трговски субјекти (местото е непополнето, Советот работи без овој член).

## 2. Мисија

Советот има за цел, преку стручни анализи и препораки, советувања и вршење независен јавен надзор на надворешната ревизија, да работи во насока на нејзино унапредување, поттикнување и придржување кон високите професионални стандарди во ревизорската професија, со цел да се зголеми довербата во финансиските извештаи на деловните ентитети, а со тоа да се минимизираат

потенцијалните ризици и да се подобри целокупната бизнис клима во Република Македонија.

## 3. Визија

Визијата на Советот е унапредување и обезбедување висококвалитетен, професионален, независен и ефикасен надзор на ревизијата во Република Македонија.

## 4. Работа на Советот

Советот ги врши следниве работи согласно со Законот за Ревизија:

1. Донесува статут, деловник за работа, годишна програма, финансиски план и годишен извештај;
2. Донесува Тарифник за издавање на лиценца за овластен ревизор, лиценца за работа на друштва за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор-трговец поединец;
3. Издава и одзема лиценца за овластен ревизор, лиценца за работа на друштво за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор-трговец поединец врз основа на правила и постапки пропишани од Советот;
4. Иницира контрола на друштвата за ревизија, овластените ревизори - трговци поединци и на овластените ревизори од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија;
5. Дава согласност на Статутот и другите акти на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, ја следи нивната примена и му предлага на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија нивно изменување и дополнување;
6. Го следи спроведувањето на годишната и тригодишната програма за контрола преку извештаите за извршените контроли добиени од Институтот согласно со Законот за ревизија и преку учество во комисијата на Институтот надлежна за контрола;
7. Го следи спроведувањето на годишните програми за полагање испит и за континуирано професионално усовршување на Институтот;
8. Ја следи постапката што ја спроведува Институтот за признавање на квалификации за ревизор стекнати во странство;
9. Врши надзор над Институтот;
10. Изрекува мерки на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори трговци - поединци, согласно со Законот за ревизија и го пропишува начинот на утврдување на мерките;
11. Дава насоки на Институтот за прашања за кои е надлежен согласно со Законот за ревизија;
12. Ги проверува извештаите за транспарентност согласно со Законот за ревизија;

13. Ја следи примената на одредбите од Законот за ревизија и прописите донесени врз основа на него и врз таа основа му предлага на министерот за финансии изготвување на соодветни изменувања и дополнувања на истите;
14. Воспоставува соработка со домашни, странски и меѓународни институции;
15. Донесува процедури за соработка и размена на податоци со Институтот;
16. Донесува годишен план за вработување на државни службеници;
17. Донесува годишен план на обуки за сите вработени;
18. Одлучува за други прашања за вработените; и
19. Врши други работи утврдени со закон и Статутот на Советот.

Советот за своите работи одлучува на седници. Во текот на 2015 година Советот одржа вкупно дваесет и четири седници.

## 5. Изработка и донесување акти поврзани со активностите на Советот

Во текот на 2015 година, Советот ги донесе следните акти:

- Годишен извештај за работата на Советот за 2014 година;
- Деловник за работа на Советот;
- Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Советот;
- Одлука за усвојување Насоки за подготовка на извештајот на транспарентност;
- Процедури за соработка и размена на податоци и информации со Институтот и нивно дополнување;
- Правилник за издавање на лиценца за овластен ревизор, друштво за ревизија и овластен ревизор – трговец поединец;
- Упатство за проверка на годишните извештаи извештаите за транспарентност на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци;
- Правилник за вршење надзор над Институтот;
- Деловник за работа на прекршочната комисија на Советот;
- Годишен план за вработување во Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија;
- Правилник за внатрешна организација на Советот (ќе започне да се применува по добивањето согласност од Министерството за информатичко општество);
- Правилник за систематизација на работните места во Советот (ќе започне да се применува по добивањето согласност од Министерството за информатичко општество); и
- Упатство за работа на комисијата за попис на средствата и изворите на средствата со состојба на 31 декември.

Во текот на 2015 година, на предлог на Советот беше формирана работна група со претставници од Советот и од Институтот заради изготвување на стандардизирани насоки за подготовка на извештаите за транспарентност кои друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци се должни да ги подготват на годишна основа и да ги достават до Советот и објават на својата веб страна или во најмалку еден дневен весник. Во февруари 2015 година, групата одржуваше редовни состаноци и подготви "Насоки за подготовка на извештаите за транспарентност". Овие Насоки се во функција на тоа кои минимални информации треба да бидат вклучени во извештаите за транспарентност. Советот ги усвои овие насоки и ги достави на Институтот за нивна натамошна примена од страна на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци.

Советот ги промовира Насоките кај многу меѓународни организации како што е Светската Банка и пред претставници од Европската Комисија од каде се добиени позитивни оценки за ваквиот начин на анализа на трендовите кај ревизорската професија во Република Македонија.

## 6. Лиценцирање

Согласно со Законот за ревизија, Советот е овластен да издава и одзема лиценци за овластен ревизор, друштво за ревизија и овластен ревизор – трговец поединец. Советот ги издава лиценците доколку подносителот на барањето за издавање лиценца ги исполнува условите предвидени со Законот за ревизија. Доколку лицето (правно или физичко) престане да ги исполнува условите од Законот за ревизија за добивање на лиценца, лиценцата била издадена врз основа на неточни податоци, или доколку врз правното лице кое поседува лиценца од Советот се спроведува постапка за ликвидација или стечај, Советот може трајно да ја одземе лиценцата. Советот може времено или трајно да ја одземе лиценцата и врз основа на дисциплинските мерки кои ги изрекува Институтот на друштвата за ревизија, на овластените ревизори – трговци поединци и на овластените ревизори. Следната табела се однесува на тоа колку лиценци во текот на 2015 година биле издадени од Советот и колку лиценци биле времено или трајно одземени од Советот.

| **Ревизорски субјект** | **Број на издадени лиценци** | **Број на времено одземени лиценци** | **Број на трајно одземени лиценци** |
|---|---:|---:|---:|
| **Овластени ревизори** | **4** | - | - |
| **Овластени ревизори – трговци поединци** | **2** | - | - |
| **Друштва за ревизија** | - | - | **2*** |
| **Вкупно** | **6** | - | **2** |

*Лиценците се одземени бидејќи на друштвата за ревизија повеќе не ги исполнува условите

Советот во континуитет го известуваше Институтот за секое ново лиценцирање, заради обврската на Институтот за постојано ажурирање на Регистрите на физичките и правните лица кои вршат ревизија. Динамиката на издавање на лиценците е намалена затоа што најголемиот дел од овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци се лиценцираа во периодот од почетокот на 2013 до крајот на 2014 година. Издадените лиценци согласно со Законот за ревизија се од траен карактер.

## 7. Соработка со Институтот на овластени ревизори на Република Македонија

Во текот на 2015 година, Советот ја зајакна својата соработка со Институтот донесувајќи ги Процедурите за соработка и размена на податоци со Институтот.

Во текот на 2015 година, Советот даде согласност на следните акти на Институтот:

1. Годишна програма за работа на Институтот за 2015 година;
2. Годишен извештај за работата на Институтот за 2014 година;
3. Статутот на Институтот;
4. Програмата за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор;
5. Правилникот за содржината за Регистарот на ревизори, Регистарот на овластени ревизори; Регистарот на друштвата за ревизија, Регистарот на овластени ревизори – трговци поединци и Регистарот на трајно одземени лиценци;
6. Годишната и тригодишната програма за работа на комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги на Институтот; и
7. Годишниот извештај за наодите од извршените контроли за 2014 година.

## 8. Извештаи за транспарентност

Една од основните задачи на Советот е проверка на извештаите за транспарентност кои што друштвата за ревизија се должни да ги објавуваат на годишна основа согласно Законот за Ревизија. Извештаите за транспарентност треба да содржат податоци врз основа на кои може да се добијат информации за:

- Правната структура и сопственост на друштвото за ревизија;
- Професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа;
- Управувачката структура на друштвото за ревизија;
- Внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем;

- Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно со Законот за ревизија;
- Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на годината за која се известува година;
- Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени;
- Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија односно овластениот ревизор-трговец поединец за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори во текот на годината за која се известува година;
- Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци, расчленет на четири категории: од услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки, дополнителни услуги на уверување во квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги; и
- Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор.

Во текот на 2015 година Советот донесе Упатство за проверка на извештаите за транспарентност. Согласно со ова упатство, стручната служба на Советот е должна на ги провери извештаите за транспарентност и да подготви Годишен извештај кој се доставува на усвојување од страна на Советот.

Врз основа на извршената проверка на извештаите за транспарентност, Советот изврши анализа на поставеноста на внатрешниот систем за контрола на квалитет кај друштвата за ревизија и кај овластените ревизори – трговци поединци, го утврди вкупниот број на вработени кај нив, го утврди вкупниот приход кој го оствариле друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци во 2014 година, расчленет на четирите категории согласно со Законот за ревизија и се здоби со податоци кои се на располагање за соработка на Советот со другите институции од Република Македонија со цел унапредување на ревизорската професија.

## 9. Домашна и меѓународна активност на Советот

Во текот на 2015 година Советот презеде бројни активности за воспоставување соработка со домашни и странски органи, тела и институции од областа на ревизијата. Овие иницијативи на Советот беа преземени во насока на унапредување на ревизорската професија и подобрување на квалитетот на ревизорските услуги во Република Македонија.

*9.1 Соработка со домашни органи, тела и институции*

Во текот на 2015 година Советот потпиша меморандуми за соработка со следните домашни институции:

1. Бирото за судски вештачења; и
2. Управата за финансиско разузнавање.

Посебна одредба во меморандумите за соработка со домашните институции е доверливоста и заштитата на податоците и информациите што се разменуваат.

*9.2 Соработка со странски регулаторни органи, тела и институции од областа на ревизијата*

Во текот на 2015 година, Советот потпиша меморандуми за соработка со следните странски регулаторни органи, тела и институции од областа на ревизијата:

1. Агенцијата за јавен надзор на ревизијата на Република Словенија;
2. Министерството за финансии на Република Српска, Босна и Херцеговина;
3. Одборот за јавен надзор на Република Албанија;
4. Комисијата за јавен надзор на овластените ревизори на Република Бугарија;
5. Одборот за надзор од јавен интерес на сметководствената професија на Романија; и
6. Во фаза на финализирање е потпишувањето на меморандумот за соработка со Одборот за јавен надзор на ревизијата на Република Хрватска.

*9.3 Учество на домашни конференции, форуми и континуирано професионално усовршување*

Следната листа се однесува на темите со кои Претседателот на Советот со претставници од стручната служба на Советот учествуваа на домашни форуми и континуирани професионални усовршувања во текот на 2015 година:

1. Форум на фирми: Анализа на трендовите на приходи од ревизија во Република Македонија, во организација на Институтот, одржан во Скопје, Република Македонија; и
2. Континуирано професионално усовршување:Пазарот на ревизија во Република Македонија – Состојби, идеи и перспективи за развој преку извештаите за транспарентност, во организација на Институтот, одржано во Струмица, Република Македонија.

*9.4 Учество на меѓународни конференции*

Во текот на 2015 година, Претседателот на Советот со претставници од стручната служба на Советот имаа значајни активности на меѓународен план. Следната листа се однесува на темите од одржаните меѓународни конференции на кои учествуваше Советот во текот на 2015 година:

1. Патот кон Европа: Програма за сметководствени реформи и институционално зајакнување на Европска Унија, во организација на Светската Банка, одржана во Виена, Австрија;
2. Образовна конференција: Постигнување на висок квалитет во високото образование, во организација на Светската Банка одржана во Скопје, Република Македонија;
3. Патот кон Европа: Тековни состојби на сметководствениот систем, во организација на Светската Банка, одржана во Тирана, Република Албанија;
4. Подобрување на кредибилитетот на финансиските извештаи, во организација на Одборот за надзор од јавен интерес на сметководствената професија на Романија, одржана во Букурешт, Романија;
5. Обука на едукаторите: Светските трендови на ревизорската професија, во организација на Светската Банка, одржана во Виена, Австрија; и
6. Дисеминација на РОСК извештајот за Република Македонија подготвен од страна на Центарот за реформи во финансиското известување на Светската Банка во Виена, Австрија, во Скопје, Република Македонија.

Претседателот на Советот со претставник од стручната служба на Советот имаа активно учество на сите овие конференции преку презентации околу неговите надлежности и овластувања од Законот за ревизија.

*9.5 Работни средби во Советот од страна на странски консултанти, органи, тела и институции*

Со оглед на активните напори кои беа вложени од Советот, како резултат на активирањето на новата програма: "Патот кон Европа: Програма за сметководствени реформи и институционално зајакнување на Европската Унија", високи претставници од Светска беа во официјална работна посета на Советот во Скопје. Во иднина, се очекува значајна поддршка од Центарот за реформи во финансиското известување на Светска Банка во Виена, Австрија со цел да се стручно усовршување на вработените во Советот, да се развие алатка за јавен надзор на ревизијата и да се прошири платформата на ревизорските услуги во Република Македонија и секако зачленување на Советот во меѓународните организации во кои членуваат независни регулаторни органи, тела и институции од областа на ревизијата на другите земји.

*9.6 Останати иницијативи на Советот на меѓународен план*

Советот во текот на 2015 година започна преговори за зачленување во Меѓународниот форум на независни регулатори на ревизијата. Советот се надева дека наскоро ќе се зачлени во ова организација на глобално ниво со цел активно и постојано да биде во тек со најновите трендови во ревизијата на глобално ниво и нивно преточување во домашната професионална регулатива од областа на ревизијата.

## 10. Кадар и внатрешни капацитети на Советот

Советот во текот на 2015 година ги зајакна своите стручни капацитети и ја екипираше својата стручна служба со реализација на 3 нови вработувања. Во текот на 2015 година, Советот обезбеди соодветни обуки и стручни усовршувања на своите вработени заради надградување на нивните професионални знаења, вештини и искуства. Вработените во Советот посетија бројни семинари, стручни обуки и усовршувања организирани во земјата и странство кои во детали се наведени подолу:

1. Обука за подготовка на годишните сметки на буџетските институции за 2014 година, одржана во Скопје, Република Македонија;
2. Континуирано професионално усовршување во областа на измените во регулативата на ревизијата во организација од Институтот, одржано во Струмица, Република Македонија;
3. Обука околу измените и дополнувањата на законите со кои се уредува статусот на вработените во јавниот сектор, во организација од Министерството за информатичко општество и администрација, одржана во Скопје, Република Македонија;
4. Обука околу измените и дополнувањата на законите со кои се уредува даночната регулатива, одржана во Блед, Република Словенија;
5. Обука околу измените и дополнувањата на законите со кои се регулира поведувањето и спроведувањето на прекршочната постапка, одржана во Блед, Република Словенија; и
6. Обука за најновите трендови во ревизорската професија и следењето на квалитетот на ревизорските услуги на глобално ниво, во организација од Центарот за реформи во финансиското известување на Светска Банка, одржана во Виена, Австрија.

Вработените во Советот се здружени во посебна синдикална организација која е член на Синдикатот на администрацијата во државната управа. Правата на вработените и прашањата на вработените од нивниот работен однос во Советот се уредени со посебен колективен договор.

Бр. 02-106/3

14.04.2016

Претседател,

Соња Ѓелова - Стојанова